Врз основа на член 21 од Правилникот за утврдување на цени за топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.225/23 и 153/24), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со отпад на Република Северна Македонија го објавува следното

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

Се известуваат сите заинтересирани правни и физички лица дека АД ЕСМ - Подружница „ЕНЕРГЕТИКА“ – Скопје, на ден 29.05.2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад поднесе Барање за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2026 година за регулираната дејност производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, заведено во архивата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад под број УП1 08 - 241/26.

Со поднесеното Барање, АД ЕСМ - Подружница „ЕНЕРГЕТИКА“ – Скопје бара регулираниот максимален приход за вршење на услугите производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија за 2026 година да изнесува:

| Опис | ед. мерка | 2026 |
|---|---|---|
| **Регулиран максимален приход на годишно ниво** | **денари** | **407.655.618** |
| **Вкупно испорачана количина на топлинска енергија** | **kWh** | **35.240.735** |
| **Просечна цена** | **ден/kWh** | **11,5677** |
| **Процент на зголемување во споредба со постојната просечна цена** | **%** | **133,97** |

Заинтересираните правни и физички лица, мислењата и предлозите во врска со објавеното Барање може да ги достават најдоцна до 12.06.2026 година, до 12.00 часот во Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад, преку:

- Е-пошта: erc@erc.org.mk
- Факс: 02/ 32 33 586

Адреса: Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат, 1000 Скопје

**Скопје, 08.06.2026 година**
**УП1 бр. 08-241/26**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА,
ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**